Архивски број: 08-306/3

31-10-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-306/1 од 23.05.2022 година, поднесена од [redacted] против лицето [redacted] од Битола за сторена дискриминација, односно вознемирување во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 19.10.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНО И ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основ на етничка припадност и припадност на маргинализирана група сторено од страна на [redacted] од Битола и насочено кон припадници на ромската заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 23.05.2022 година е доставена претставка бр. 08-306/1 од страна на [redacted] Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на раса, боја на кожа, пол, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, социјално потекло и личен или општествен статус, во друга област, односно на социјалната мрежа „FACEBOOK“ врз припадници на ромската заедницата од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Битола.

Имено, подносителот навел дека лицето [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK“ од својот личен профил преку компјутерски систем на 18.05.2022 година во 23:59 часот направил објава на расистички и ксенофобичен текст во групата „Битолски проблеми“ со кој во јавноста промовирал омраза против група на лица. Објавениот текст гласел: „So luge ke da beja be ni gasna komora ovie ne mozi da gi unisti“. Дополнително приложено кон текстот биле две слики на кои е прикажано одредено место над населба, кое се смета за депонија и од кое е видлив чад. Таквата објава била предмет на коментари, допаѓања и споделувања меѓу други учесници на социјалната мрежа со што се поттикнувала омраза кон припадници на ромската заедницата.

Комисијата со допис бр. 08-306/2 на 31.05.2022 година, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја достави претставката до лицето [redacted] против кого е поднесена истата, за да се изјасни за наводите содржани во претставката. Именуваното лице во законски предвидениот рок не се изјасни по наводите во претставката.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката утврди дека со објавата на текстот од личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" е сторено вознемирување по основ на етничка припадност и припадност на маргинализирана група.

Имено, Комисијата анализирајќи ја содржината на текстот од објавата, утврди дека текстот заедно со фотографиите, имплицитно вознемирува одредена група на лица, тргнувајќи од претпоставка дека таа група на лица кои се идентификуваат со горенаведените заштитени карактеристики е одговорна за настанатиот чад. Ваквиот текст под објавата поттикнал дополнителен презир спрема припадниците на ромската заедница, преку вознемирувачки коментари од други лични профили, меѓу кои и таков како: „Pleme... pa posle bile diskriminirani... gnasi nevideni".

Комисијата го ценеше и фактот дека ваквата објава на текст со вознемирувачка содржина е направена во рамки на група на социјалната мрежа „FACEBOOK" која брои околу 16 илјади членови. Дополнително на тоа, Комисијата го цени, со Уставот на РСМ и меѓународните акти, загарантираното право, односно слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говор, но исто така во предвид ја има и меѓународната судска пракса, пред се праксата на Европскиот суд за човекови права која се однесува на практикувањето на овие слободи и нивното ограничување. При оправдувањето на мерките кои во одредена мера ги санкционираат, односно ограничуваат горенаведените слободи, во предвид се земаат следните елементи: можноста правото да биде условено или санкционирано да е јасно утврдена и предвидена во правен пропис, истото да има легитимна цел и изречената мерка да ја оправдува целта, односно да го ограничи правото во онаа мера доволна за отстранување на повредата и предизвиканите штетни последици.

Следствено на наведеното, токму во членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој се однесува на слободата на изразување, во ставот 2 е утврдено дека остварувањето на таквата слобода вклучува обврски и одговорности и може да биде предмет на одредени услови, ограничувања и санкции кои во едно демократско општество претставуваат неопходни мерки, меѓу другото, за заштита на угледот или правата на другите.

Во таа смисла, горенаведениот објавен текст, пред се имајќи го во предвид историскиот факт дека припадниците на ромската заедница во значителен број биле жртви на холокаустот во втората светска војна, несомнено претставува вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што се

повредува достоинството и се создава понижувачка и непријателска средина за оваа група на лица. Вознемирување согласно наведениот член од Законот, е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Согласно истиот Закон, вознемирувањето е определено како противправно дејство – прекршок за што е предвидена и соодветна санкција, додека Комисијата согласно член 27 став 2 од Законот дава препорака како мерка за отстранување на истото.

Како легитимна цел за таквата препорака, односно мерка е отстранување на повредата на достоинството, односно отстранување на понижувачката и непријателска средина за оваа група на лица, со што се исполнуваат елементите така објавениот текст да не е во линија со загарантираните горенаведени слободи, туку напротив истиот да биде ограничен и санкциониран согласно праксата на Европскиот суд за човекови права (Pavel Ivanov v. Russia 35222/04, Vejdeland and others v. Sweden 1813/07, Beizaras and Levickas v. Lithuania 41288/15 итн.) и во смисла на член 10 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права. Дотолку што таквиот текст е во спротивност со основните вредности кои произлегуваат од човековите права и слободи, а тоа се недискриминацијата, толеранцијата и социјалниот мир.

Дополнително, согласно член 9 од Законот, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа. Имајќи во предвид дека вознемирувањето претставува форма на дискриминација и имајќи ги во предвид коментарите под објавениот текст, меѓу кои и горенаведениот коментар, [redacted] во смисла на член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со својата објава поттикнал вознемирувачки коментари.

Оттука, Комисијата согласно горенаведеното одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

1. Се препорачува лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Битола, веднаш по добивањето на мислењето со препораката да го избрише објавениот текст во групата „Битолски проблеми“ на социјалната мрежа „FACEBOOK“ и за истото да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на добивање на мислењето.

2. Се препорачува лицето [redacted] во рок од 30 дена од денот на добивање на мислењето преку својот личен профил со објава во групата „Битолски проблеми" на социјалната мрежа „FACEBOOK" да се извини на припадниците на ромската заедница и за истото да ја извести Комисијата.
3. Се препорачува лицето [redacted] во иднина да се воздржи од вакви објави во било кој медиум и во било кој формат.

НАПОМЕНА: Доколку во предвидениот рок во препораката, не се постапи по истата, Комисијата согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација,
Претседател,
Кире Василев

*Доставено до:*

[redacted]

*3. Архива на Комисијата*